______________________________________________________________________

**8.10. Дополнителна настава**

Според законските обврски наставниците изготвуваат програма за дополнителна и додатна настава и распоред во законски определениот рок до 15 септември. Овој распоред се истакнува на видно место во училиштето и воедно ќе стане дел од оваа Годишна програма. Во спроведување на дополнителната и додатната настава, наставниците се држат до распоредот освен во исклучителни ситуации каде по договор може да се претрпат измени водејќи се сметка и за оптовареноста на учениците на крај на секој месец. Распоредот за дополнителна и додатна настава го изработуваат наставниците на стручни активи според интерната процедура на училиштето за избор на дополнителна и додатна настава. За дополнителната настава групите се формираат во различни периоди во зависност од времето кога се појавуваат одредени слабости кај одделни ученици. Присуството на учениците на дополнителна настава е задолжително.

## 8.11. Додатна настава

Додатната настава пак се организира за ученици кои сакаат да го прошират своето знаење и имаат зголемен интерес за проширување на знаењата од материјалот што го изучуваат. Ако за дополнителната настава наставниците ги повикуваат учениците кои послабо напредуваат додатната настава ја посетуваат сите учениците кои се заинтересирани за таа проблематика. За реализација на додатната настава одговорните наставници изготвуваат соодветни програми. Во нивното изготвување активно се вклучуваат стручни активи и се применува тимската работа. Распоредот за дополнителна и додатна настава ќе биде ставен во анексите на Годишната програма.

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Знаењата и вештините можат да се научат, но талентот ученикот го носи во себе, а наставникот преку својата работа треба да го препознае и мотивира неговиот индивидуален развој.

Акцентот во програмата за работа со надарени ученици се става врз методите и формите за работа кои ќе бидат насочени кон самостојно учење и користење на информации, развивање на способност за формирање на методи, умеења и постапки до доаѓање до нови знаења. Работата во нашето училиште со ваквите ученици ќе ја насочиме кон:

-индивидуална работа со учениците и

-проектни активности - училиштето од учебна 2015/16 година беше вклучено во меѓународен проект за работа со надарени и талентирани ученици „Our work to extract ores“ – со партнер училишта од Р. Полска, Р. Турција и Р. Романија за работа со надарени и талентирани ученици. Од овој проект се изготви прирачник за работа со надарени ученици кои може да го користат наставниците.

Членови на тим за работа со надарени ученици:

Весна Димитриевска – психолог
Наталија Спасовска – проф. англиски јазик
Оливера Салтировска – проф. англиски јазик
Габриела Живиќ – проф. македонски јазик
Сузана Николиќ – проф. географија

| Година 2020/2021 год. | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Следење | | |
| **Задача** | **Активности** | **Време (месеци)** | **Носители** | **Начин на спроведување (ресурси и инструменти)** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** | **+ -** | **Потребен буџет** |
| Формирање на тим за работа | Формирање на тим за работа со надарени и талентирани ученици кои ќе работат со психологот за спроведување на активностите | септември | Директор<br>психолог | Договорен состанок | Тим кој што успешно ќе ги спроведува активностите во тек на учебната година | психолог | | / |
| Спроведување на инструменти за идентификација на ученици со надареност | Ќе се употребуваат инструментите кои се изготвени од проектот Our works to extract ores | октомври - март | психолог | Стручна литература<br>Готови прашалници и и тестови<br>компјутер<br>интрнет | Прибирање на податоци и поконкретно детектирање на надарените ученици | психолог | | прашалници<br>тонер |
| Изгвување на списоци за евиденција на надарени ученици | Прибирање на податоци на стручни активи од страна на наставниците<br>Изготвување на список од страна на тимот и психологот | октомври | Наставници<br>психолог | Средби со наставници и давање на насоки<br>Тестови и пршалници<br>Список за евиденција | Во училиштето пстојат конкретни податоци за надарени ученици и нивни досиеа | Психолог | | хартија<br>тонер |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Истакнување и презентација на постигањата на учениците | Изработка на огласна табла и каттчиња во холовите на учииштето за презентација на постигањата на учениците<br>Изготвување на пофалници и свечено доделување на истите на патронен празник<br>Истакнување на учениците на училишно радио | ноември-јуни | Наставници и членови на тимот | Промоција на патронен празник и други свечености<br>Промоција на училишно радио<br>Огласни табли<br>Пофалници | Мотивирани ученици и наставници за понатамошна работа | Тим за работа со надарени и талентирани ученици | | Хартија<br>Тонер<br>Материјали за изработка на огласни табли |

**ЦЕЛИ**

- да се препознаат и идентификуваат надарените ученици по видот на надареност;
- да се потикнува мотивацијата кај овие ученици;
- давање на совети за родителите на надарени ученици;
- давање на совети  на наставниците за идентификување, следење и работа со надарени ученици;
- учество на натпревари и менторирање;
- правилен психофизички развој на личноста на надарениот ученик.

## ЗАДАЧИ

- идентификација на надарените ученици;
- изработка на програма за работа со надарени ученици;
- обезбедување на услови за реализација на програмите (распоред на часови, наставни средства, литература);
- вреднување на резултатите и постигањата на учениците;
- истакнување на постигањата на учениците.

## 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Во училиштето се идентификуваат ученици со ПОП според македонскиот модел на инклузивна практика и се инклузирани во редовните паралелки во училиштето. Наставниците со овие ученици работат според изготвени индивидуални образовни планови, со цел овие ученици да напредуваат според сопственото темпо и согласно своите можности.

Наставниците во работа со овие деца  добиваат поддршка и помош од дефектологот на училиштето кој и воедно индивидуално работи со нив со однапред изготвен план.

Година 2020/21

| **Задача** | **Активности** | **Време**<br>**(месеци)** | **Носители** | **Начин на спроведувањ е**<br>**(ресурси и инструменти)** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Јакнење на капацитетите на инклузивните тимови за ученици со | Редовни средби<br>Интерни обуки<br>Дисеминација | континуирано | Дефектолог<br>Инклузивни тимови | Брошури<br>Прирачници | Дадена помош на наставниците во изготвување на ИОП и за ученици со ПОП и иновативна | дефектолог |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ПОП | | | | | работа во наставата | |
| Соработка со ресурсни центри за подршка на уленици со различен вид на попреченост | Индивидуални средби | Континуирано | Дефектолог<br>Психолог<br>Педагог<br>Инклузивен тим | Советување<br>Давање насоки за работа<br>Подршка во однос на потребен дидактички материјал соодветен на попреченоста<br>Подршка и соработка со родители | Олеснување на воспитно-образовниот процес во инклузирана паралелка при редовна настава | дефектолог |
| Континуирана едукација на наставниците и соработка со родителите преку интерни обуки и работилници | Состаноци<br>Разговори<br>Стручни активи | континуирано | Дефектолог<br>Психолог<br>Педагог<br>Инклузивен тим | Размена на искуства<br>Воведување новини во наставен процес | Модернизирана настава со современи алатки и техники за работа со ученици со ПОП | дефектолог |
| Континуирано следење на учениците и давање препораки за | Е-состаноци | континуирано | Дефектолог | Воведување новини во наставен процес со е-настава | Модернизирана е-настава со современи алатки и техники за работа | дефектолог |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| користење на е-алатки | | | | Давање на совет на наставници за користење на е-настава преку далечина | | |

- Во учебната 2017/18 година училиштето беше вклучено во програмата К2 од Erasmus+ „Best teachers with the best students“ преку кој се воведоа новини во работата со ученици со ПОП во редовни паралелки.

### 8.14. Туторска поддршка на учениците

Во училиштето нема туторска поддршка на ученици.

### 8.15. План на образовниот медијатор

Во училиштето нема образовен медијатор.

## 9. Воннаставни активности

### 9.1. Училиштни спортски клубови

Училиштето особено значење му придава на развојот на училишните спортови. Активно работат женските и машките екипи во ракомет, кошарка, фудбал и одбојка во кои членуваат голем број на ученици. Секоја учебна година овие екипи го афирмираат училиштето со добиените награди на меѓуучилишни, општински, зонски и републички натпревари. На 30.08.2017 година спроведена е целосната постапка за регистрација на училишен спорт од страна на професорите по ФЗО и Директорот на училиштето, изготвен е статут. Одговорни наставници се: Синиша Филиповски-претседател, Саша Николиќ-член, Дејан Ивановски-член и Ифакет Шабани-член.

Во училиштето постојат добри услови за развивање на спортот и спортските активности со опремени спортски сали и игралиште кое е оградено и осветлено и на кое се организираат натпревари како од страна на училиштето, така и од страна на локалната заедница. Проблем претставува подрачното училиште каде нема спортски терен за изведување на наставата по ФЗО на отворено. Од претходната учебна година активно работи спортската секција со тимови од мешан етнички состав.

**Конкретизирано планирање на активностите за реализација на училишниот спорт за тековна учебна година**

| АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОПФАТЕНОСТ НА УЧЕНИЦИ | ВИД НА СПОРТ | ОДГОВОРЕН НАСТАВНИК | СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|---|
| Меѓучилишни натпревари по повод патрониот празник на училиштето | Мај – јуни | Од VI – IX одделение | Ракомет, кошарка, фудбал, одбојка (женски и машки екипи) | Дејан Ивановски, Синиша Филиповски, Саша Николиќ, Ифакет Шабани | Евиденција за учество од страна на наставниците ментори |
| Меѓучилишни натпревари по повод патрониот празник на другите училишта | Септември – јуни | Од VI – IX одделение | Ракомет, кошарка, фудбал, одбојка (женски и машки екипи) | Дејан Ивановски, Синиша Филиповски, Саша Николиќ, Ифакет Шабани | Евиденција за учество од страна на наставниците ментори |
| Општински, зонски, републички натпревари организирани | Септември – јуни | Од VI – IX одделение | Ракомет, кошарка, фудбал, одбојка (женски и машки екипи) | Дејан Ивановски, Синиша Филиповски, Саша Николиќ, Ифакет Шабани | Евиденција за учество од страна на наставниците ментори |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| од општината и ССМ | | | | | |

## 9.2. Секции/Клубови

Низ слободните ученички активности се создаваат претпоставки за индивидуализација на воспитно - образовниот процес, за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците.

Цели:

- Поттикнување на креативниот дух кај учениците, осамостојување, доследност и истрајност во извршување на задачите;
- Развивање на мотивите и условите за афирмирање на учениковата личност и формирање на способности и потреба за позитивна општествена афирмација;
- Создавање на навики за правилно користење на слободното време;
- Почитување на резултатите од својот труд и трудот на другите;
- Формирање на способности и потреба за позитивна општествена афирмација;
- Оспособување за критичко мислење, јавно изнесување на своите ставови и почитување на ставовите и мислењата на другите;

Оваа учебна година се поставени следните приоритети во работата на СУА: подобра организација и поквалитетно планирање на активностите и поголемо вклучување на учениците и внесување на елементи на мултикултурализам – формирање на секции од мешан етнички состав.

**Конкретизирано планирање на активностите за реализација на СУА за проширување на знаења по одделни предмети  за  тековна учебна година**

| СЕКЦИИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОПФАТЕНОСТ НА УЧЕНИЦИ | АКТИВНОСТИ | ОДГОВОРЕН НАСТАВНИК | СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|---|
| **Странски јазици** | Септември - јуни | VI - IX | Натпревар за спелување, квизови, изработка на презентации, работилници за пишување, збогатување на вокабулар и развивање на јазични вештини | Милена Петковска, Оливера Салтировска, Наталија Спасоска, Елена Петковска, Слаѓана Миташевска, Ардита Сејдиу | Фотографии, хамери, презентации, творечко катче |
| **Млади физичари и хемичари** | Септември – јуни | VIII - IX | Изведување на експерименти, проектни задачи, истражување, користење на информациска технологија посети на музеј на илузии хидроцентрала на Матка | Маријана Ѓорѓиевска, Ќендреса Демири Емилија Веселиновска Јакуп Хамиди Марина Антевска Зорица Петковска | Хамери, фотографии, електронска форма на проектни задачи и истражување |
| **Географска секција** | Септември – јуни | VI – IX | Теренска настава, посета на планетариум, презентации, | Сузана Николиќ Авни Реџепи Даниел Трајчевски | Фотографии, учество во емисии, хамери, награди од |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | учество на Ден на дрво и екологија, квизови, натпревари, проекти | | натпревари |
| **Историска секција** | Септември – јуни | VI – IX | Посета на знаменитости , историска читанка, учество во проекти, хронолошки таблици на историски настани, ѕиден весник, истражувачка работа | Верица Ангеловска<br>Биљана Илиевска<br>Авни Реџепи | Модели на наколни живеалишта, хамери, фотографии |
| **Еко секција и секција на млади биолози** | Септември – јуни | VI – IX | Истражување во природа, ЕКО – акција, Денови на здрава храна, собирна акција за рециклирање на хартија | Емилија Веселиновска<br>Јасмина Стојковска<br>Марина Антевска<br>Јакуп Хамиди | Хамери биолошко катче (хербариум инсектариум |
| **Математичка секција** | Септември – јуни | VI – IX | Квизови, натпревари, проширување на знаења и практична примена | Слаѓана Николовска<br>Саша Каранфиловиќ<br>Селвер Абази<br>Зорица Петковска<br>Ваљиде Адеми | Хамери, презентации, паноа, геометриски тела од разновидни материјали и модели |
| **Тим за техничка** | Септември – | VI - IX | Давање на техничка поддршка во | Фросина Манева<br>Елена Петковска | Презентации, електронски |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **поддршка** | јуни | | училиштето (оддржување на компјутерската мрежа), изработка на презентации и други електронски содржини за потребата на училиштето во соработка со мултимедијална, математичка и други секции | Наташа Пешевска Габриела Живиќ Хирмете Јашари Селвер Абази Аљбона Рамадани-Авни Реџепи | содржини, извештаи |

**Конкретизирано планирање на активностите на СУА со културно-уметнички содржини за тековна учебна година**

| СЕКЦИЈА | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОПФАТЕНОСТ НА УЧЕНИЦИ | АКТИВНОСТ | ОДГОВОРЕН НАСТАВНИК | СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|---|
| **Литературно рецитаторска секција** | Септември – јуни | VI – IX | Литературни работилници, учество на литературни читања, организирање на патронен празник, творење по повод празници, настани, драматизации | Габриела Живиќ Хирмете Јашари Јулијана Тричковиќ Билјана Цветковска | Хамери, фотографии, литературно катче |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | училишно радио, манифестации според планирана програма | | |
| **Медиумско сценска секција** | Септември – јуни | VIII - IX | Креативно изразување на учениците (усно, писмено и електронско)<br>Мултимедијална секција со еднаква родова и етничка застапеност ќе работи на филмска уметност, театарска уметност, фотографија и креативно пишување | Наташа Пешевска<br>Хирмете Јашари | Хамери, презентации, претстави, рецитали, фотографии, филмови<br>Документарен филм за училиштето |
| **Ликовна секција** | Септември – јуни | VI – IX | Изработка на ликовни творби за конкурси, уредување на ходници, учество на ликовни кампови, соработка со локална | Мила Трендафиловска Доневска | Хамери со цртежи, фотографии, уредени ходници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | самоуправа по повод празници и манифестации | | |
| **Музика и ритам** | Септеммври-јуни | II-V | Музичко-ритмички вежби, припрема на учениците за учество на настани, патронен празник, натпревари, манифестации | Соња Стојчевска | Фотографии, видео записи |
| **Ора и танци** | Септеммври-јуни | II-V | Вежби, учество на настани, организирање на патронен празник, натпревари, манифестации | Мерлин Стојановска | Фотографии, видео заиси |
| **Сообраќајна секција** | Септември – јуни | V – IX | Детски семафор, изработка на макети и активности од мешан етнички состав во рамките на Проектот за јакнење на меѓуетничка соработка со Општините | Станче Спасовска Рамадан Мурати | Макети, модели, хамери, фотографии, презентации**,** натпревари |
| **Граѓанско** | Септември - | ученици од одделенска и | Работилници, | Билјана Илиевска Марјан | Медиумска покриеност, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **образование**<br>**/отворен ден/** | декември | предметна настава | дебата, пораки | Сибиновски Идриз Адеми Селвер Абази | пишани текстови, фотографии, видео запис, извештај |

**9.3. Акции**

Овој вид на работа ги опфаќа активностите околу одбележување на поважни датуми во училиштето, Еколошки акции, хуманитарни акции и друго според однапред утврдениот план.

| **Настан** | **Форма** | **Субјекти** | **Наставник** | **Време на одржување** |
|---|---|---|---|---|
| Одбележување<br>на Ден на училиштето | Митинг на поезијата ,<br>Културно-уметничка програма,<br>Ликовна изложба,<br>Спортски турнир | Сите ученици од прво до деветто одделение | Сите наставници од прво до деветто одделение | 08.06.2021 г. |
| Одбележување на<br>Детска недела | Културно-уметничка програма,<br>Прием на првачиња во ученичка заедница | Сите ученици од<br>I -V | Одделенски наставници , | Прва цела полна недела во месец октомври |
| Одбележување на<br>11 Октомври -- Ден на народното | Читање лични творби ,<br>изработка на ѕиден весник | Сите ученици од<br>I- IX одделение | Наставници по историја ,наставници по македонски јазик | 10 октомври 2020г. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| востание | | | | |
| Предновогодишни<br><br>случувања | Декорирање на училишниот хол со новогодишни украси,<br><br>Новогодишен базар,<br><br>Ученичка забава | Ученици од I- IX | Одделенски наставници,<br><br>Наставници по музичко образование и одделенски раководители | 21 12.2020 -<br><br>29.12.2020 |
| Осми март - Ден на на жените | Литературни ,<br><br>ликовни и музички изработки<br><br>преку творечки работилници<br><br>( изработка на цртежи , честитки и разни подароци ) | Сите ученици од прво до деветто одделение | Сите одделенски наставници ,<br><br>наставници по македонски јазик,<br><br>наставници по ликовно и музичко образование | март 2021 |
| 21 Март - Ден на екологија | Ликовни и литературни творења ,<br><br>работна акција за чистење и уредување на училишен двор | Сите ученици од прво до деветто одделение | Одделенски и предметни наставници | 21 Март 2021 |
| 1 Април-<br><br>,, Ден на шегата,, | Работилница за изработка на маски<br><br>Маскембал | Ученици од I-IX одд. | Одделенски наставници | 1 Април 2021 |
| Велигденски случувања | Велигденски базар,<br><br>Ликовна изложба, | Сите ученици од прво до деветто одделение | Одделенски наставници<br><br>Наставници по македонски јазик и | април 2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | литературни творби , | | ликовно образование | |
| Одбележување на<br>24Мај --Ден на сесловенските<br>просветители,<br>Кирил и Методиј | Литературно читање ,<br>ликовна изложба,<br>изработка на ѕиден весник со литературни творби на тема за ,,Кирил и Методиј-нашите први учители,, | Сите ученици од прво до осмо одделение | наставници по<br>ликовно образов. историја,<br>македонски јазик,<br>одделенски наст. | 24.5.2021 |

## 10. Ученичко организирање и учество

На почеток на учебната година секоја паралелка избира членови на претседателства на паралелката и одделни комисии. На дадена листа од страна на претставници од ученичка задница според правилата на ученичка партиципација. Од избраните ученици на паралелките на почетокот на учебната година се бираат членови за ученичка заедница, училишен парлемент, дете правобранител, се изготвува програма за работа и се води сметка заедничка и полова застапеност на учениците. Ученичкото организирање се спроведува од страна на учениците со помош на наставници и членови на стручна служба одговорни за училишна заедница.

## 11. Вонучилишни активности

### 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Ученичките екскурзии се организират за проширување и продлабочување на знаењата на учениците од одредени воспитно образовни подрачја и наставни предмети, како и заради спортување, рекреација и други видови педагошко организирање на слободното време на учениците.

| Вид на екскурзија | Време на реализација | Опфатеност на ученици | Активности | Одговорни наставници |
|---|---|---|---|---|
| V<br>Настава во природа | септември - мај | Ученици од петто одделение | Научно рекреативен и наставен карактер, набљудување и истражување | Соња Стојчевска<br>Мерлин Стојановска<br>Илбере Арифи<br>Лидија Станчевска |
| VI<br>Посета на Планетариум | септември-октомври | Ученици од шесто одделение | Научно рекреативен и наставен карактер, набљудување и истражување | Сузана Николиќ<br>Авни Реџепи |
| VI<br>Посета на Струмица | април - мај | ученици од шесто одделение | воспитно образовна и научна екскурзија | одделенски раководители од шестите одделенија |
| II – V<br>Посета на Битола | септември – мај | II – V | Еднодневен излет | Лилјана Миленковска<br>Александра Грубор<br>Соња Стојчевска |
| IX<br>Тридневна наставно научна екскурзија низ РМ | мај | ученици од деветтите одделеније | наставно научна екскурзија | одделенски раководители од деветтите одделенија |
| I - IX | септември – октомври<br>април – јуни | I – IX | Еднодневен излет | Директор |

## 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Во училиштето се води сметка скоро сите ученици да бидат вклучени во вонучилишните активности спрема нивните афинитети и интереси. Отсекогаш најголема заинтересираност постоела за спортските активности кои што се од мешан етнички состав, раководени од тимови на наставници и кои години наназад ни носат бројни награди и го афирмираат училиштето.

# 12. Натпревари за учениците

Тие играат значајна улога во развојот на личноста. Влијаат врз продлабочување на интересите на учениците, го развиваат натпреварувачкиот дух, поттикнуваат активен однос кон наставата и допринесуваат да се поврзе учењето со животот.

Во училиштето се организираат ученички натпревари меѓу екипи и на ниво на одделение. Во месец април се одржуваат натпревари по сите наставни предмети за кои се организираат општински натпревари како и техничка олимпијада. Тука се избираат ученици кои го претставуваат училиштето на општинските натпревари. Во чест на Денот на училиштето се организира широка лепеза на натпревари од областа на спортот, ликовното и литературното творење, од природните и општествените науки. Овде се вклучени сите ученици без разлика на националната припадност и покрај афирмирање на знаењата и вештините доаѓаат до израз и дружењето и натпреварувачкиот дух. Организацијата, времето на одржување и одговорните наставници се внесени во:

**План за одржување на ученички натпревари**

| Натпревар | Форма | Одговорен наставник | учесници | Време на одржување |
|---|---|---|---|---|
| Рецитирање | усна форма | Генерација прво одделение | ученици од прво одделение | септември - мај |
| Рецитирање | усна форма | Генерација второ одделение | ученици од второ одделение | септември - мај |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Рецитирање | усна форма | Генерација трето одделение | ученици од трето одделение | септември - мај |
| Општински и регионален натпревар по математика, рецитирање, природни науки | усна, писмена форма | Генерација четврто одделение | ученици од четврто одделение | септември - мај |
| Општински и регионален натпревар по математика, рецитирање, природни науки | усна, писмена форма | Генерација петто одделение | ученици од петто одделение | септември - мај |
| Англиски јазик: училишен, општински, регионален, државен натпревар, Spelling Bee | тест | наставници по англиски јазик | ученици од петто до деветто одделение | септември - мај |
| Македонски јазик: општински, регионален и државен натпревар, учество на литературни конкурси | тест | наставници по македонски јазик | ученици од шесто до деветто одделение | септември - мај |
| Географија: општински, регионален и државен натпревар и квиз на знаење | квиз | наставници по географија | ученици од шесто до деветто одделение | септември - мај |
| Натпревар по Библиотекарство | тест | наставници по македонски и | ученици од деветто одделение | октомври |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | албански јазик | | |
| Детски семафор | тест и практичен дел | Наставници по ТО | ученици од петто до деветто одделение | април - мај |
| Математика: општински, регионален и државен натпревар по математика | тест | наставници по математика и одделенски наставници | ученици од шесто до деветто дделение | септември - мај |
| Биологија, Физика, Хемија:<br>општински, регионален државен натпревар | тест | Наставници по биологија, физика и хемија | ученици од шесто до деветто одделение | март - април |
| Регионален натпревар по музичко образование „Хорски и оркестарски смотри“ | усна | Наставник по музичко образование | ученици од шесто до деветто одделение | април - мај |

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

### Мулти-културализам

Од учебна 2009/2010 година училиштето е вклучено во бројни проекти за мулти - културно образование. Во оваа учебна година продолжува работата од проектите за „Мултиетничка интеграција на младите во образованието“ и „Јакнење на мултиетничка соработка со општините“ и „Нансен моделот“. Со оглед на тоа што во нашето училиште наставата се одвива на два наставни јазици (македонски и албански јазик) и учат ученици од македонска, албанска, српска и ромска националност во изминатата година имаме искуство во работење во мулти-културна заедница кое сега го ставаме во една програмска рамка.

**Што е мултикултурно образование?**

Научна област и дисциплина чија главна цел е да создаде еднакви образовни можности за учениците од различни расни, етнички, социјални и културни групи. Да им помогне на учениците да се стекнат со знаење, ставови и вештини потребни за ефективно да функционираат во едно плуралистичко демократско општество и да стапуваат во комуникација и интеракција со различни групи со цел да создадат граѓанско и морално општество кое ке се стреми кон заедничко добро.

**Цели :**

- Да се развие почит и толеранција кон различните од себе;
- Да се поттикне користење на вонnаставните активности за промовирање на мултикултурализмот.

**Очекувани ефекти :**

- Мултикултурализмот ќе најде соодветно место во воннаставните активности во училиштето;
- Во планирањето на активностите и нивната реализација активно ќе учествуваат сите компетентни лица: ученици, наставници, родители, стручна служба и директор;
- Ќе придонесеме во развивање на личности кои ке почитуваат различности без предрасуди и ќе промовираат толеранција без разлика на вера, националност и обичаи.

Во училиштето постојат два тима кои работат во развивање на мултикултурализмот во следните проекти:

Тим за реализирање на активности од проектот „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“:

1. Милорад Јордановски – директор;
2. Весна Димитриевска – психолог;
3. Бојана Петров- дефектолог
4. Хирмете Јашари – проф. по албански јазик;
5. Даниела Тасовска - педагог;
6. Рејхане Рушити – одделенски наставник

Тим за реализација на активности од проектот „Јакнење на мултиетничката соработка со општините“.

1. Милорад Јордановски – директор;
2. Весна Димитриевска – психолог;
3. Емица Стефановска- одд. наставник;
4. Зејнепе Бајрами- одд. наставник;
5. Милена Ангеловска- проф.по англиски јазик;
6. Марјан Сибиновски – проф.по граѓанско образование.

Тим за реализација на активностите од проектот ,, Нансен модел “ за интегрирано образование

1. Мерлин Стојановска- одд. наставник
2. Зејнепе Бајрами- одд. наставник
3. Даниела Младеновска – одд. наставник
4. Даниела Лазаревски Тасовска – педагог
5. Хирмете Јашари – проф. албански јазик

| Година 2020/2021 год. | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | **Следење** | | |
| **Задача** | **Активности** | **Време (месеци)** | **Носители** | **Начин на спроведување (ресурси и инструменти)** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** | **+ -** | **Потребен буџет** |
| Доделување на одговорноси на членовите на тимот | Средба на членовите на тимот за усогласена стратегија за дејствување | Август септември | тимови носители на проекти | Просторија за работа | Доделени одговорности на членовите на тимот според афинитетите на членовите | Психолог | | |
| Планирање на конкретните активности | Формирање тимови од реализатори за планираните активности<br>Одржување работни средби за планирање со тимовите од реализатори од партнер училиштето | Во текот на целата наставна година | Наставници | Акциони планови<br>Списоци<br>Материјали потребни за заедничките активности | Подготвени акциони планови за секоја предвидена конкретна активност | тимови носители на проекти | | |
| Реализација на планираните активности | Спроведување на сите планирани конкретни активности и заеднички активности со партнер училиштето | Во текот на целата наставна година | Наставници | Материјали потребни за спроведување на заедничките активности<br>Извештаи | Реализирани активности според критериумите на МИМО<br>Наставниците | Назначен ментор | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | според тоа како е предвидено со акционите планови<br>Одржување на состаноци на стручните активи на кои се разгледуваат примери на успешни практики за самостојни и заеднички активности<br>Обезбедување евиденција и докази за спроведените самостојни активности на училиштето и на заедничките активности со партнер училиштето | | | Фотографии<br>Чек – листа за квалитет | водат портфолио во кое собираат успешни практики и прават рефлексија и анализа од спроведените активности | | | |
| Следење на реализацијата на активностите | Мониторинг на реализацијата на активностите<br>Редовни средби на тимовите, на кои се дискутира за реализацијата на активностите на ниво на училиште и помеѓу партнер училиштата | Во текот на целата наставна година | тимови на наставниц и носители на проекти | Инструменти подготвени од носители на проектот | Извештаи од реализацијата на планираните активности подготвени од страна на тимовите реализатори<br>Информации на училишниот | тим ови нос ите ли на про ект и | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | профил за реализацијата на активностите | | | |
| Промоција на реализираните активности | Подготовка на промотивен материјал (постери, брошури и/или други материјали) што го прикажуваат процесот и продуктот од реализираните активности<br>Покана на гости на настанот | По завршување на реализација на активностите | Наставници и реализатор | Промотивен материјал | Промотивни настан на училишно ниво за презентација на активностите пред управата, претставници од проектите наставниците, учениците, родителите и претставници од општината<br>Континуирано ажурирање на информации на училишната страница | тимови носители на проекти | | |

Сите структури во училиштето предводени од тимовите за мултикултурализам ќе предлагаат заеднички состаноци, активности на кои ќе се разгледуваат слабостите на комуникацијата и ќе се предлагаат нови начини на комуницирање. Исто така ќе се продолжи и со досегашната практика за надминување на меѓуетничка нетрпеливост преку: заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети и слично кои би имале за цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка.

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

**Проекти во кои е вклучено училиштето**

- Јакнење на мултиетничката соработка со општините-реализиран во партнерска соработка со БРО и фондација „Песталоци“;
- Меѓуетничка интеграција на младите во образованието-поддржано од УСАИД, МЦГО и МОН;
- Еко-училиште -поддржано од МОН;
- Нансен модел – поддржано од БРО и МОН.
- Отворен ден за Граѓанско образование поддржано од БРО
- Училиште на 21ви век

- За проектот „Јакнење на мултиетничката соработка со општините„ и оваа година продолжуваме со формирање на нова секција од мултиетнички карактер со ученици од IV и V одделение. Координатор Димитриевска Весна-психолог.

- Проектот МИМО продолжува и оваа година со активности како во училиштето со мешан етнички состав така и со партнер училиштето Вера Которка од с.Клечовце. Координатор Димитриевска Весна - психолог.

-Еко училиштата продолжува понатаму во реализирање на активности од Еко тимот со координатор Емилија Веселиновска - професор по хемија.

- Од Нансен моделот продолжуваат активностите со тандем наставници, координатор Даниела Лазаревски.

- Отворен ден на Граѓанско образование беше одржан во минатата учебна година во месец ноември. Оваа година ќе се одржи уште еден отворен ден според претходно изготвен план. Координатор Билјана Илиевска - професор по историја и граѓанско образование.

- Проектот Училишта на 21 век продолжува со свои активности и оваа учебна година. Координатор Фросина Манева - професор по информатика.

## 15. Поддршка на учениците

### 15.1. Постигнување на учениците

**Постигнување на учениците**

Во училиштето редовно ќе се следат постигањата на учениците на секој квартал и ќе се изготвуваат извештаи кои стручната служба ќе ги презентира на наставнички совет. Промовирањето на постигањата на учениците ќе биде преку Наставнички совет, на родителски состаноци, изготвување на флаери, училишно радио, избор на ученик на генерација и др.

**Активности кои ке ги спроведе училиштето во однос на подобрување на постигањата на учениците**

| АКТИВНОСТ | ОДГОВОРНИ НАСТАВНИЦИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ |
|---|---|---|
| Подобро запознавање на учениците и родителите со критериумите за оценување по различни предмети | Одделенски раководители на родителските состаноци | Подобрени постигања на учениците |
| Редовно водење на записници од одделенски совети, состаноци на стручни активи и наставнички совети | Стручна служба | Континуирано следење на постигањата на учениците |
| Редовно изведување на додатна настава од страна на одговорните наставници за ученици кои побрзо напредуваат | Наставници | Стекнување на знаења од повисоко ниво според интересите и способностите на учениците |
| Индивидуална работа со ученици кои послабо напредуваат | Стручна служба<br>Наставници на часови од дополнителна настава | Дополнување на знаењата по одредени подрачја според наставниот план за кои учениците имаат потреба |
| Наградуваме ученици и одделенија за добро однесување и најдобар успех | Ученици од одделенска заедница | Стимулирање на учениците за развивање на натпреварувачки дух |

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

| АКТИВНОСТ | ОДГОВОРНИ НАСТАВНИЦИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ |
|---|---|---|
| Презентирање на средните училишта во тек на месец мај пред ученици од осмо одделение, делење на флаери со програми и друг пропаганден материјал | **Тим одговорни наставници**<br>Димитриевска Весна-психолог<br>Лазаревски Даниела-педагог<br>Петров Бојана-дефектолог | Остварување на продлабочена соработка со средните училишта<br>Информирани ученици за струките и смерови кои што постојат во средните училишта во градот и околината |
| Разработување и спроведување на прашалници за професионална ориентација (по барање на учениците) | **Тим одговорни наставници**<br>Димитриевска Весна-психолог<br>Лазаревски Даниела-педагог<br>Петров Бојана-дефектолог | Учениците се запознати со факторите кои влијаат врз избор на идното занимање. |
| Работилница „Мојата идна професија“ | **Тим одговорни наставници**<br>Димитриевска Весна-психолог<br>Лазаревски Даниела-педагог<br>Петров Бојана-дефектолог | Учениците да стекнат сознанија за важноста на идната професија |
| Индивидуални разговори со ученици кои се во дилема за избор на средно училиште (по барање на ученикот) | **Тим одговорни наставници**<br>Димитриевска Весна-психолог<br>Лазаревски Даниела-педагог<br>Петров Бојана-дефектолог | Добиени информации за работи кои што го интересираат ученикот во однос на изборот на средно училиште |

## 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

### Програма за справување со насилство

Институциите кои се одговорни за безбедност и заштита на малолетници, секоја за себе, си ги презема мерките и активностите за кои е одговорна. Но, без координација и комуникација меѓу истите не може да се постигнат саканите цели и ефекти во превенција и сузбивање во оваа појава. Училиштето како една важна институција во оваа низа се залага за безбедност и тоа во изготвување и спроведување на планови за изнаоѓање на решение на можните проблеми во малолетничкото насилство и мултиетничката толеранција. Овде се вклучени сите субјекти во разрешување, детектирање и превенција на проблемите поврзани со насилството.

Генерална цел:

- да се подобри безбедноста на учениците во училиштето, да се намали степенот на насилничко однесување на младите преку подигање на свеста за намалување на насилството и вклучување на учениците во градење на безбедноста во училиштето.

Специфични цели:

- да се намали степенот на насилство во училиштето;
- да се зголеми толеранцијата и меѓуетничкиот соживот;
- едуцирање на младите за препознавање на формите и причините на насилно однесување;
- охрабрување на младите за пријавување и справување со меѓуврсничко насилство;
- подигање на ниво на осетливот на наставниот кадар за поголемо внимание на личноста на детето при евентуални промени и симптоми;
- зголемување на довербата на младите во локалната самоуправа, полиција и другите државни институции;
- јакнење на свеста на учениците, родителите и наставниците за потреба од учество во создавање на услови за безбедна средина и активно вклучување на сите во градење на безбедноста на училиштата, особено учество во креирање на активност и мерки во училиштата.

Во училиштето е подготвена комплетна програма за безбедност и од активностите кои се предвидени во оваа програма до сега ги имаме  завршено следните: формиран е училишен тим за спроведување на политиката за безбедно училиште, изготвени се документи како кодекс, куќен ред, план за дежурство, правилници, Норматив за откривање сите форми на насилство и др. Потоа, изготвени се беџови за идентификација на надворешни лица, училиштето активно учествува на состаноците за безбедно училиште во МВР, постои  24 часовно обезбедување со камери, за време на големите одмори освен дежурните наставници, техничкиот персонал дежура пред тоалетите во училиштето. Ни преостануваат уште многу активности кои сакаме да ги спроведеме, а дел од овие ќе ги ставиме во планот за оваа учебна година.

| АКТИВНОСТ | ОДГОВОРНИ НАСТАВНИЦИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ |
|---|---|---|
| Изработка на пораки за ненасилно однесување и распоредување во училиштето | Тимот за безбедност во училиштето | Учество на учениците во креирање на училишна политика за безбедност со свои творби<br><br>Индикатори: фотографии и изработени пораки на хамер |
| Изготвување на правила на однесување и одго<br>ворности во училницата и училиштето | Тимот за безбедност во училиштето | Придржување на учениците и наставниците кон правила за однесување и одговорности кои самите ги пропишале<br><br>Индикатори.: правила и фотографии |
| Мапирање на места кои се небезбедни за учениците и активности кои ке се превземат (училиште, улица пред училиште, тоалети, училишен двор, игралиште) | Тимот за безбедност во училиштето | Мапирани места- безбедно движење низ училиштето<br><br>Индикатори: фотографии |

Тим за безбедност на училиштето :

1. Даниела Тасовска – педагог;
2. Станче Спасевска - наставник по техничко образование;
3. Авни Реџепи - наставник по историја;

**План за работа на училиштето во учебна 2020/21 год. во справување со болести на зависност**

Секоја година во програмата за работа на психологот и членовите на стручната служба е и работата на развивање на менталното здравје. За таа цел психологот на училиштето изготви комплетни предавања за работа на болести на зависност. Со учениците од деветтите одделенија на часовите на одделенскиот раководител се работи на таа тема во тек на првото полугодие. Исто така во склоп на еко - училиште во училиштето е работено на подигање на свеста за физичкото и ментално здравје. За таа цел изработени се и флаери со содржина од справување со стрес, дрога и наркоманија и поттикнување на самодоверба.

| – | ОДГОВОРНИ НАСТАВНИЦИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ИНДИКАТОРИ |
|---|---|---|
| Работилница со ученици од деветто одделение за болести на зависност | Психолог<br>Ученици | Добиени основни познавања на тема болести на зависност и наркоманија<br>Индикатори: подготвени материјали, презентација, фотографии и изработки на ученици |
| Средби и разговори со родител (лекар, претставник од МВР, социјален работник) на тема болести на зависност | Стручна служба<br>Родител | Информирани ученици за определена тема од страна на стручно лице<br>Индикатори: фотографии |

# 16. Оценување

## 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Во училиштето во учебната 2020/2021 година се планира описното и бројчаното оценување на учениците по одделенија, описното оценување на учениците во I, II, III одделенија, описното и бројчаното оценување на учениците IV, V, VI одделенија (описно оценување на I-тримесечје ,полугодие и III-тримесечје и со бројчано оценување на крајот на учебната година), бројчаното оценување на учениците VII, VIII, IX одделение.

Формирање на описна т.е. бројчана оценка е резултат на низа методи на оценувања меѓу кои застапени се наблудувања и следења на учениците од страна на наставникот но и на самите ученици преку самооценување и преку комисии од ученици за оценување, формирани од самите ученици, слушање и разговор со учениците, анализа на ученички продукти, објективни и есејски тестови...

Се практикува дијагностичко оценување на почеток на темите,формативно оценување во текот на реализација на темите (чек листи, листа за аналитичко оценување, фотографии, портфолио...) со давање УПИ и ППИ и сумативно оценување на крајот на секој кл.период со помош на тематски тестови, писмени работи...

Писмените работи се реализираат според однапред изготвен план при што дневно следува една писмена или неделно најмногу две писмени работи.

Оценувањето на учениците се базира врз стандарди за оценување утврдени од Министерот за образование и наука и Биро за развој на образованието. Примена на стандарди за оценување пак овозможува да учениците се оценуваат според постигнатите цели дефинирани според нивните можности и способности индивидуално со што се имплементира Блумова таксономија во целост.

Во текот на месец септември ќе се финализира план за писменото оценување според законските ограничувања (дневно најмногу по едно, а седмично по две писмени работи).

## 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

- Во училиштето за учебната 2020/2021 година се организра систематско следење, унапредување на воспитно-образовниот процес преку формиран тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди, при што се утврдува процедура за поплаки и жалби по добиени оцени, се утврдува начин на информирање на родителите и учениците за овие прашања.

- Тимот за следење, анализа и поддршка е составен од стручната служба, одделенски и предметни наставници со конкретни задолженија, операционализиран план за следење / период, наставен предмет/, СВОТ анализа на состојбите со оценувањето ( квартално- по тримесечија споредбено со извештаи наназад за 3 години), анализа на состојбата на постигнатите резултати на наставниците, план за поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати од работењето, поддршка за наставниците кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетното оценување, планирање на споделување на добра пракса во рамки на училиштето, формирање на тим за оценување на работата на секој наставник како самооценување со цел да се планира поддршката.
- Тимот се задолжува и за разгледување на поплаки и приговори доколку постојат по добиените оценки, како и за благовремено информирање на родителите и учениците по овие прашања. Овој тим дава подршка и на наставниците кои се иноватори и креатори на развојот на кавлитетно оценување.

Во состав на тимот се следните наставници:

- Весна Димитриевска, психолог - координатор;
- Милена Петковска-проф. по англиски јазик;
- Анита Николовска-проф. по одделенска настава;
- Емица Стефановска-проф. по одделенска настава;
- Сузана Николиќ-проф. по географија;
- Зорица Петковска-проф. по математика.
- Селвер Абази – пом. директор

Инаку тимот секоја година подготвува програма за работа, а оваа година е изготвен акциски план во кој ќе бидат разработени активностите кои ќе бидат спроведени во текот на оваа учебна година и истиот ќе биде ставен како прилог кон Годишната програма. На стручните активи ќе се разговара за конкретни теми поврзани со оценувањето од кои во одреден период имаат потреба наставниците. Во училиштето се дава поддршка на наставниците кои што покажуваат слаби резултати во работа со оценувањето, поддршка на наставниците кои се иноватори и креатори во развојот на квалитетно оценување и планирање и споделување на добри пракси во рамките на училиштето.

Постигањата на учениците се оценуваат описно и бројчано според Законот за основно образование во трите класификациони периоди. Планот за писмено проверување за постигањата на учениците наставниците го евидентираат во одделенските дневници. Тимот изготви:

- Училишна политика за оценување;
- Правилник за оценување на напредокот на учениците;
- Систем за известување на родители за напредокот на учениците;
- Интерна процедура за поднесување на жалби и поплаки од родителите за добиени негативни оценки.

Во работата на училиштето сите вработени редовно ги консултираат изготвените правилници и процедури кои се изработени според индикаторите за квалитна работа на училиштата и законите и правилниците донесени од МОН.

| **Година 2020/2021 год.** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | **Следење** | | |
| **Задача** | **Активности** | **Време (месеци )** | **Носите ли** | **Начин на спроведува ње (ресурси и инструмени)** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** | **+ -** | **Потребен буџ** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | е т |
| Презентирање на акциониот план за оценување пред стручните активи | Изработка на акционен план за оценување | Август септември | Тим за оценување | Материјали од семинари за стандарди за оценување, упатство за оценување во ОУ правилници | Квалитетна програма за подобрување на квалитетот во оценувањето и основен патоказ на сѐ она што ќе се работи во училиштето за подобрување на квалитетот во оценувањето | Весна Димитриевска | | |
| Повторно разработување на теми од сумативно и формативно оценување на наставниците и посебно со наставниците почетници доколку се јави потреба | Работилници или разговори на стручни активи на теми од формативно и сумативно оценување | Ноември март | Тим за оценување | Прирачници од семинари | Охрабрување на наставниците за внесување на сознанијата од прирачниците за формативно и сумативно оценување за да се подобри квалитетот на тематските и дневните подготовки во делот на оценувањето | Сузана Николиќ Милена Петковска | | |
| Работа со наставници во | Изработка и презентирање на | Септември- мај | Тим за оценува | Материјали и прирачници | Наставници информирани за | Тим за оценување | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| користење на алатки за оценување во е-настава | начини за оценување од наставници од одделенска и предметна настава на стручни активи преку ZOOM оценување на е-настава | | ње<br>Тим за ИКТ | за е-оценување и примери од добра пракса | начините за оценување во е-настава | Тим за ИКТ | | |
| Нагледни часови – размена на позитивни искуства меѓу наставниците | Изготвување на нагледни часови од страна на наставници | Во тек на учебна година | Тим за оценување | Материјали од прирачници за оценување и прирачници со примери од добра пракса | Континуирано внесување на оценување во планирањата на наставниците | Анита Николовска<br>Зорица Петковска | | |
| Информирање на учениците и родителите со критериумите на оценување | Совет на родители<br>Родителски состаноци | Септември октомври | Одделенски раков. наставн. од пред. настава | Критериуми на оценување на БРО<br>Пишани листи за родители | Навремено и правилно информирани ученици и родители за критериумите на оценување | Сузана Николиќ | | |

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

За подобрување и пратење на квалитетот на наставата, директорот и стручните соработници во текот на учебната година организираат посета на часови и воннаставни активности. Посетата се врши според претходно договорен распоред при што се користат соодветни протоколи за посета на час. Протоколите за посета на часови се ставени во делот прилози.

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Во изготвување на самоевалуацијата на училиштето учествуваат Комисии составени од: стручната служба, директорот и наставници одговорни на тимовите по подрачја. Согласно законските одредби училиштето е обврзано да изготвува самоевалуација на секои две години. Во месец февруари 2019 година беше завршена последната самоевалуација на училиштето за период од две години. Планот за следење на квалитетот и членовите на комисии се ставени во делот прилози.

## 17. Безбедност во училиштето

Како прилог кон Годишната програма е ставен планот на движење при евакуација.

## 18. Грижа за здравјето

Здравственото образование на учениците е приоритетна задача во работата на училштето, не само заради самото здравје, туку и од аспект на самиот образовен систем - за да можат да учат, децата треба да се здрави.

Поаѓајќи од оваа вистина, заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците е обврска на сите кои работат во училиштето. За да постигнеме добри резултати училиштето треба да делува заедно со родителите, здравствените служби и пошироката заедница. Целта ни е да ги научиме учениците да знаат како да го заштитат своето здравје и активно да учествуваат во унапредување на истото.

## 18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената на училиштето е на високо ниво. Секојдневно се одржува хигиената во училниците, ходниците и санитарните чворови. Последователно на три интегрални увиди од страна на ДПИ во однос на одржување на хигиената на училиштето бевме оценети со највисоки оценки. Исто така на почетокот на учебната година се спроведува комплетна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и варосување на училниците и ходниците на училиштето. На полугодие се прави генерално чистење на целото училиште од страна на техничкиот персонал. Редовно се прават санации и ситни поправки во училиштето од страна на техничкиот персонал и хаус мајсторот на училиштето. За хигиената да биде на високо ниво исто така одговорни се и наставниците и учениците. Посебно за одржување на нивните училници. Училниците после секоја смена откако ке бидат исчистени од страна на техничкиот персонал се заклучуваат, се до почеток на наредната смена. Учениците од проектите за екологија на часовите по животни вештини разговараат која е нивната одговорност во однос на одржување на хигиената во училиштето и колку е битно да се живее и работи во чиста средина.

## 18.2. и 18.3. Систематски прегледи и Вакцинирање

Во училиштето во договор со школската амбуланта и според нивна програма се спроведуваат редовни систематски прегледи и вакцинации. Одделенските раководители ги носат учениците од своите одделенија на систематски преглед по претходен договор во определен термин помеѓу часовите. Воедно со вакцинирање се опфатени сите ученици според календарот за имунизација. Наставниците ги заведуваат систематските прегледи и вакцинации во одделенските дневници и исто така се заведуваат во стручната служба. Вакцинациите и систематските прегледи се спроведуваат во школската амбуланта од градот и според дадениот календар.

| Активности | Одделение |
|---|---|
| Систематски прегледи | I, III, V, VII одд. |
| Стоматолошки преглед и залевање на први трајни заби | I, III, V одд. |
| Ревакцинација на DiTePer и Polyo | II одд. |
| Вакцинација и ревакцинација | II, VIII одд. |

| | |
|---|---|
| HPV вакцинација (прва, втора и трета доза) | VI, VII одд. |
| Рубеола вакцина (за девојчињата) | VIII одд. |
| Ревакцинација MRP | I одд. |

На систематски преглед и вакцинација учениците одат заедно со нивните одделенски раководители по претходно договорен термин со Школска амбуланта.

### 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Едукацијата за здрава исхрана се спроведува во склоп на еко училиште под раководство на координаторот на Еко одбор Емилија Веселиновска. Ќе биде организиран Еко ден на кој се направи промоција на сите активности во кој ќе учествуваа и родителите и наставнивците. Во тек на учебната година учениците од еко секцијата ќе изготват промоција за здрава храна која е битна за правилен физички и психички развој пред останатите ученици во училиштето според план кој самите ќе го подготват во координација со одговорниот наставник Јасмина Стојковска - наставник по биологија.

**План за грижа за здравјето**

| Цели | Содржини | Реализатор | Време | Ресурси | Ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Стекнување и информации за здравјето и негово унапредување (одд. настава) | - Лична хигиена<br>- храна и исхрана<br>- заразни болести<br>-безбедност и прва помош<br>-физички вежби и здравје | одделенски наставници | континуирано | - искуства на наставници и ученици<br>- стручна литература „Образование за животни вештини“ | Развивање свест кај учениците дека самите се најдобри чувари на своето здравје |
| 2.Стекнување на информации за здравјето и | - безбедност и прва помош<br>- алкохол, пушење | предметни наставници | континуирано | -стручна литература<br>- според | Развивање на свест кај учениците дека |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| неговото унапредување (предметна настава) | - дрога,<br>- физички вежби и здравје<br>- сексуално образование | | | програмата за „Образование за животни вештини“ | самите сме најдобри чувари на своето здравје |

## 19. Училишна клима

### 19.1. Дисциплина

Дисциплината во училиштето е на задоволително ниво. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците од доаѓање до заминување од училиштето. Во почетокот на годината ќе се изготвува распоред за дежурства кој ќе биде поставен на сите катови во училиштето и во наставничката канцеларија. Наставниците се придржуваат кон овој распоред и за време на одморите дежураат по ходниците и во училишниот двор. Исто така пред санитарните јазли дежураат и членови на техничкиот персонал според утврдениот распоред. Од оваа учебна година ќе биде испланирано и водење на писмена евиденција за надворешни лица кои доаѓаат во училиштето од страна на одговорен од технички персонал. Како прилог кон Годишната програма ќе биде ставен и распоредот за дежурства.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Вработените и учениците во текот на учебната година континуирано развиваат одговорен однос кон уредување и одржување на просторот и опкружувањето на училиштето. И оваа година ќе продолжи акцијата на училиштето за уредување и разубавување на ходниците. За изгледот на училниците се одговорни наставниците кои заедно со своите ученици го уредуваат просторот правејќи ја училницата пријатно место за престој и работа. Иконографијата на училиштето постојано се збогатува со содржини по различни теми при што се води сметка и за застапеноста на двата наставни јазици на кои што се одржува наставата. Во училиштето постои тим за естетско и функционално уредување на просторот, во состав:

1. Теута Бедиу- проф. по одделенска настава;
3. Габриела Живиќ - проф. по македонски јазик;
4. Мила Трендафиловска - Доневска - наст. по ликовно образование;

5. Милена Божиновска - проф. по англиски јазик;
6. Анита Николовска - проф. по одделенска настава;
7.Александра Грубор - проф. по одделенска настава;
8. Бојан Стојиќ – ученик во VII[1] одделение
8. Бобе Цветковски - хаусмајстор

## 19.3. Етички кодекси

Училиштето има кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување на ученици, наставници и родители како и останатите структури во училиштето. Извадоци од кодексот за ученици се ставени во училиниците, а извадок од кодексот за родители е ставен на влезот во училиштето.

Според седумте чекори од еко програмата, училиштето има изготвено и еко кодекс кој содржи еко пораки за заштита и унапредување на средината во која живееме. Еко кодексот го изработија учениците, членови на еко секција и е поставен на видно место во училиштето.

Исто така во училиштето постои и Етички кодекс за оценување на учениците.

## 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Во училиштето се планираат и различни содржини и активности во кои се дава акцент на комуникацијата помеѓу сите структури за зајакнување на меѓусебната доверба и соработка. Екскурзиите, состаноците, заедничките прослави на учениците и вработените ги организираат сите во училиштето. Преку работата на различни проекти преку кои е вклучено училиштето во текот на целата учебна година како и до сега ќе се организираат работилници помеѓу ученици од различни одделенија преку кои се запознаваат, соработуваат и комуницираат.

Цел:

- обезбедување на почитување на личноста и поттикнување на меѓусебна доверба за секој да се чувствува пријатно во училиштето;
- почитување на еднаквост и правичност и без предрасуди однесување кон учениците и родителите.

| АКТИВНОСТ | ОДГОВОРНИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ИНДИКАТОРИ |
|---|---|---|
| Индивидуални разговори со ученици по потреба | Стручна служба | Зголемена доверба меѓу ученици и вработен<br>Листи за индивидуални разговори |
| Разговори со ученици, родители, наставници | Наставници<br>Стручна служба | Заедничко делување на сите релевантни субјекти за општото добро на учениците |
| Индивидуални разговори со родители | Стручна служба | Зголемена доверба на родителите спрема образовната институција<br>Листи за индивидуални разговори |
| Соработка со релевантни субјекти (БРО, Центар за социјална работа, ДПИ) | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници | Заедничко делување на сите релевантни субјекти за општо добро на учениците<br>Писма, барања, известувања и др. |

**20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар**

Тим за професионален развој:

1. Милорад Јордановски - директор;
2. Весна Димитриевска - психолог;
3. Даниела Тасовска - педагог;
4. Оливера Салтировска - проф. англиски јазик;
5. Зејнепе Бајрами - одделенски наставник;
6. Александра Грубор - одделенски наставник;
7. Бојана Петров - дефектолог;

8. Елена Петковска – проф. англиски јазик.
9. Селвер Абази – проф. математика – пом. директор

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Во изминатите неколку години наставниот кадар, стручната служба и директорот поминаа голем број на екстерни и интерни обуки, семинари и работилници. За професионалниот развој на наставниците, стручната служба и директорот се води посебна грижа која ја спроведува училишниот тим за професионален развој а која ги опфаќа: анкетирање на наставниците за нивните потреби од професионален развој, согледување на потребите на наставниците, стручната служба и директорот, водење на база на податоци за посетени екстерни и интерни обуки, изготвување на извештаи за посетени обуки, семинари, работилници од наставниот кадар, стручната служба и директорот и доставување до релевантните субјекти, реализација на интерни дисеминации.

### 20.2. Активности за професионален развој

Во училиштето се планира организирање на обуки, семинари, работилници по детектираните потреби, се изготвуваат акциони планови за истите, се вршат дисеминации и на крај се изготвуваат извештаи од кои произлегуваат наредните приоритети за професионален развој. Од особена важност за подигање на квалитетот на наставата е и поединечното напредување на наставниците. Во оваа учебна година ќе биде изготвен интерен критериум за наградување на наставниците со кое што ќе бидат мотивирани за постојано посетување на семинари и обуки, испраќање на деца на натпревари и припрема на истите за натпреварите, учество на наставниците на конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература и друго со кое освен што ке се подобри наставниот процес, наставниците ќе се чувствуваат посигурни и покомпетентни во својата работа. Сите овие активности ќе бидат изготвувани во согласност со добиените прирачници за професионален и кариерен развој во основните и средните училишта издадени од МЦГО. Истите ќе бидат разгледани и на состаноци на стручни активи на училиштето.

| Година 2020/2021 год. | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Следење | | |
| **Задача** | **Активности** | **Време (месеци)** | **Носители** | **Начин на спроведување (ресурси и инструменти)** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** | **+ -** | **Потребен буџет** |
| Оспособување на наставниците за самостојно вреднување на својата работа во наставниот процес | Изготвување на личен и училишен план за професионален развој | Август-октомврт | Стручна служба | Интерна обука | Квалитетни планови за професионален развој | Психолог<br>Педагог | | |
| Обуки на наставен кадар организирани од акредитирани обучувачи и БРО и МОН | Обуки на наставен кадар по реазлични предмети и за различни теми | Ссептември - мај | БРО<br>МОН<br>акредитиран и обучувачи | Семинари состаноци работилници | Обучен наставен кадар | Директор | | |

### 20.3. Личен професионален развој

За сопственото лично усовршување наставниците и стручните соработници прават личен план за професионален развој во однос на зајакнување на своите професионални компетенции, врз основа на резултатите од Интегралниот увид листите за посети од страна на директорот и стручната служба, советниците и БРО. Во тек на месеци ноември и декември 2019 година наставниците присуствуваа на интерни обуки спроведени од страна на стручната служба на која наставниците беа обучени да изготват што поквалитетни самоевалуација за сопствената работа и личен план за професионален развој.

### 20.4. Хоризонтално учење

Наставниците можат меѓусебно да си помогнат во својата работа преку пренесување на знаење и размена на професионални искуства. За таа цел ќе бидат изготвени програми за работа на стручните активи со кои што ќе се предвидат организирање на отворени часови, работилници, стручни предавања, презентации и друго.

## 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

План за поддршка на воспитно-образовниот кадар за нивното кариерно напредување

| Компетенции | Тема | Активности | Очекувани исходи | Вид на професионален развој | Потребни ресурси | Учесници | Време |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| IV.A.3. Ги знае различните видови ученици на кои им е потребна дополнителна помош и поддршка во образованието: со посебни образовни потреби, со тешкотии во учењето и недостатоци од социоекономски причини | Запознавање со основните поими и начини на поддршка во наставата за учениците со посебни образовни потреби | Семинар и за инклузив на работа | Обучени наставници. Наученото да се примени при реализацијата на наставата следната учебна година | Во училиштето | Материјални средства: хартија, печатење | Членови на тим за професионален развој Дефектолог | Март - април |
| IV.Б.1. Учествува во процесот на идентификација на специфичните образовни потреби заедно со стручната служба и користење различни методи за диференцијација и индивидуализација на наставата | Запознавање со видовите образовни потреби кај учениците и со методите за работа со овие ученици | Екстерни обуки, консултации со експерти; стручен актив, консултации со стручната служба | Обучени наставници. Наученото да се примени при реализацијата на наставата следната учебна година | Во училиштето | Материјални средства: хартија, печатење | Членови на тим за професионален развој Дефектолог | Март - април |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| V.A.2. Познавање начини за соработка со семејствата и заедницата | Запознавање со можните начини на соработка со семејствата | Панел-дискусија, интерна обука | Обучени наставници | Во училиштето | Материјални средства: хартија, печатење | Членови на тим за професионален развој Педагог | Јануари - јуни |
| V.Б.2. Развивање ефективна соработка со семејствата и членовите на заедницата во работата на училиштето | Работилници и активности во соработка со родителите и заедницата | Работилница со родители и ученици, заеднички акциски истражувања и/ или студија на случај | Примена на стекнатите знаења, развивање на соработката | Во училиштето | Материјални средства: хартија, печатење | Членови на тим за професионален развој Педагог Психолог | Јануари - јуни |
| VI.Б.3. и VI.Б.4. Идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој. Развивање и примена на рефлективни вештини за анализа и подобрување на сопствената практика | Стекнување со вештини за рефлектирање на сопствената практика. Водење на наставниците во процесот на планирање на нивниот професионал | Индивидуален: проучување стручни извори; колаборативен: стручен актив, консултации, заедничко учење | Изработен личен план за професионален развој | Во училиштето | Компетенции, упатства, хартија, печатење | Членови на тим за професионален развој Педагог Психолог | Октомври - декември |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ен развој | | | | | | |

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Соработката со родителите ќе се одвива преку заеднички и индивидуални родителски средби, разговори со можност за вклучување на родителите во различни аспекти од училишниот живот. Се настојува континуирано да се зајакнат капацитетите на дејствување на Советот на родители за чија работа претседателот на советот изготвува програма за работа по детектираните состојби во училиштето. Родителите исто така, преку Советот на родители даваат идејни планови за организација на активности во училиштето. Секоја година наставниците изготвуваат распоред за прием на родители/старатели во кој е наведен денот во неделата и периодот за индивидуални средби со родители. На тој начин наставниците можат непречено да ја спроведуваат наставата без реметење на часовите.

Од последниот интегрален увид е дадена препорака од инспекцискиот тим за поголема вклученост и партиципација на родителите во давање на идеи, предлози и донесување на одлуки. Родителите преку Совет на родители и Училишен одбор ќе одлучуваат за донесување на различни одлуки во однос на екскурзии, прослави, обезбедување на училиште, исхрана, набавка на материјали за потребите на училиштето.

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонаставните активности

Родителите на првите родителски средби на почеток на секоја учебна година се информираат за наставните планови и програми по кои ќе работи училиштето од страна на одделенските раководители. Исто така, можат да бидат информирани за наставниот процес преку соработка со Училишниот одбор, Директорот на училиштето, наставниците и Стручната служба. Во овaa учебна година, ќе се побара поголема помош од родителите за поддршка за напредување на ученици кои покажуваат афинитети по различни области и за прибирање на средства за набавка на дидактички материјали и други помагала за осовременување на наставата.

Со години наназад од училиштето се бара поддршка од страна на родителите за реализација на вонаставните активности. Родителите секоја учебна година самите ги избираат понудувачите за екскурзии, исхрана во училиштето, излети и друго. Според своите можности ќе помагаат во организирање на денот на училиштето и неретко ќе се користи стручната помош од страна на некои родители за различни активности во училиштето.

| Година 2020/2021 год. | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *Годишна програма на ООУ„Толи Зордумис“ за* ***2020/21*** | | | | **Следење** | | |
| **Задача** | **Активности** | **Време (месеци)** | **Носители** | **Начин на спроведување (ресурси и ниструменти)** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** | **+ -** | **Потребен буџет** |
| Индивидуални средби и советодавно консултативни разговори со родители | Изготвени листи за индивидуални разговори со родители | континуирано | Стручна служба | Листи за разговори, евиденција за разговори со родители, | Информирани родители<br>Едуцирање на членови од семејство како да подобро да соработуваат со училиштето | Стручна служба | | |
| Соработка на стручната служба со советот на родители | Состаноци записници | континуирано | Стручна служба | Евиденција од сотаноци и записници | Континуирана и продуктивна соработка на училиштето со членовите на советот на родители | Стручна служба | | |
| Работилници со родители | Реализирање на работилници со родители по различни поводи | континуирано | Стручна служба | Презентации, записници | Родители едуцирани за различни теми поврзани со воспитание и образование на децата | Стручна служба | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вклучување на родители во проекти што се спроведуваат во училиштето | Комуникација и договори со родители кои се вклучени во проекти што се спроведуваат | континуирано | Наставници и одговорни за проекти | Средби, состаноци, записници | Родители активно вклучени во училишните проекти | Директор | | |
| Вклучување на родителите во донесување на одлуки во училиштето | Формирање на тимови и комисии во кои учествуваат родителите во работа на училиштето | Континуирано<br>по потреба | Одговорни наставници<br>Директор | Средби, состаноци, записници | Родители активно вклучен во донесување на одлуки во училиштето | Директор | | |

**21.3. Едукација на родителите/старателите**

**22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште**

**Локална заедница и институции од обласка на културата**

Во текот на учебната година според календарот за работа на училиштето се одбележуваат низа значајни настани, манифестации, празници и јубилеи во кои училиштето зема активно учество и во поширокатa заедница. За таа цел училиштето активно соработува со локалната средина во кое преку усна, пишана и електронска комуникација договара состаноци, средби, дебати, трибини, посети на институции и друго. Од досега воспоставената соработка со Општината, училиштето се промовира преку годишниот Маскенбал, преку Ден на Европа, во рамките на Еко проектот и др. Понатаму училиштето зема активно учество во спроведувањето на

активности на Градската библиотека, прослави по повод Ден на ослободување на Куманово, празници и јубилеи, посети на јавни претпријатија и друго.

**Институции од областа на образованието**

Соработката со институциите од областа на образованието како што се МОН, БРО, ДПИ, Сектор за образование, детски градинки, основните и средните училишта е на високо ниво и ќе се одвива и оваа учебна година. Постојано добиваме инструкции и насоки за работа од подрачните единици на БРО и МОН. Се спроведуваат семинари во нашето училиште по договор со МОН и БРО и воедно наставниците активно учествуваат на семинарите, средбите, советувањата организирани од Бирото за развој на образование. Исто така во училиштето се спроведуваат и разновидни активности од проектите поддржани од БРО и МОН со менторска поддршка од советниците на БРО и инспекторите на МОН. Со детските градинки и другите основни и средни училишта во градот соработуваме на ниво на организирање на училишни и спортски натпревари по повод патрони празници, организирање на општински натпревари, литературни читања и проектни активности.

**Невладини организации и спортски друштва**

Училиштето ќе соработува со невладините организации за спроведување на Проекти, поддршка за ромското население од коишто добиваме помош при контакт со родителите на учениците Роми, организирање на собирни акции и помош при образование на учениците.

Во училиштето постојат женска и машка екипа за кошарка, ракомет, одбојка и фудбал со кои работат наставниците по физичко и здравствено образование и во текот на годината го промовираат училиштето на сите организирани меѓуучилишни, општински, зонски и републички натпревари на кои добиваат бројни освоени награди. Формиран е спортски клуб и екипи кои ќе го претставуваат училиштето од мешан етнички состав.

**Здравствени организации**

Здравствените организации редовно соработуваат со училиштето заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените. Соработуваме со Школската амбуланта, Стоматолошката амбуланта, Одделот за имунизација и вакцинација кои според утврдениот календар за систематски прегледи и имунизација секоја година ги спроведуваат истите со учениците од определени одделенија.

**Медиуми**

Дел од активностите кои ќе се реализираат во училиштето ќе бидат медиумски покриени преку известување до локалните телевизиски станици, дописи до локалниот весник на град Куманово и се планира формирање на веб - страница на училиштето и изготвување на училишен весник.

Сите овие активности ќе ги спроведе тимот за организација на настани и медиумско покривање на истите во состав:

1. Габриела Живиќ- проф. по македонски јазик;
2. Александра Грубор- проф. по одделенска настава.
3. Даниела Тасовска – педагог
6. Наташа Пешевска- проф. по македонски јазик;
7. Зејнепе Бајрами- проф. по одд. настава;
8. Теута Бедиу- одд. наставник

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Подобрен квалитет на настава на ученици со ПОП и ученици со потешкотии со учењето | Анализи по класификациони периоди и извештаи од натпревари | Стручна служба<br>Наставници | Наставници<br>Ученици<br>Родители |
| Работа во подобрување на успехот во учењето на учениците | Табелари<br>Извештаи | Стручна служба<br>Наставници | Наставници<br>Ученици<br>Родители |
| Работа во подобрување на | Анкети | Стручна служба<br>Наставници | Наставници<br>Ученици |

| | | | |
|---|---|---|---|
| квалитетот на наставата | | | Родители |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Процесот на евалуација на Годишната програма го зема во предвид искуството на сите оние кои што биле вклучени во имплементација и изработка на истата. При евалуација на Годишната програма се обрнува внимание на собирање на докази и податоци поврзани со индикаторите и критериумите за успех. Од докази се собираат анализи од прашалници, записници, увиди во работа на ученици, набљудување на часови и др.
Предвидените активности во Годишната програма се следат од страна на директорот и стручната служба и истите ќе послужат за изработување на Годишниот извештај и извештаите по класификационите периоди и определување на приоритетите за работа на учебната година.

## 25. Заклучок

Годишната програма на училиштето како развоен документ е водич во реализација на сите планирани активности во настава, воннаставни активности, следење и унапредување на воспитно-образовниот процес и евалуација на севкупната работа во училиштето. Опфатени се кадровските, материјално-техничките и други услови во работа на училиштето. Во Годишната програма се содржат сите податоци за училиштето и активности предвидени со наставниот план и програма од МОН и БРО.
Овој суштински документ ефикасно ќе не води при реализација на планираните глобални активности и ефикасно следење на сите реализатори на воспитно-образовниот процес како и при изборот на форми и начини на работа кои што пред се се условени од материјално-техничките услови, кадровските, финансиските и други услови во кои егзистира училиштето.

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

1. Милорад Јордановски – тим - лидер, Директор на училиштето;

2. Селвер Абази- наставник по математика;

3. Весна Димитриевска – психолог;

4. Даниела Лазаревски- педагог;

5. Бојана Петров – дефектолог;

6. Соња Стојчевкса- одделенски наставник;

7. Рејхане Рушити- одделенски наставник;

8. Милена Петковска- проф. по англиски јазик;

9. Стефани Цветковска VIII$_5$– претставник од ученички парламент;

10. Вљера Алији VI$_4$– претставник од ученички парламент

## 26. Користена литература


- Законот за основно образование Сл. весник. бр.161 од 05.08.2019 година;
- Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта Сл. Весник бр.161 од 05.08.2019 година;
- Статутот на училиштето;
- Етички кодекс на училиштето, Деловници за работа на органите на училиштето, Правилник за дежурства на наставниците;
- Наставните планови и програми;
- Концепција за деветгодишно образование;
- Програмата за развој на училиштето;
- Програма за работа на училиштето од претходната година;
- Годишниот извештај за работа на училиштето за претходната учебна година;
- Правилник за форма и содржина на Годишната програма за работа на основното училиште бр.18-6579/1 од 06.07.2020 година;
- Приоритетните подрачја во работата на училиштето;
- Конечниот извештај од последно извршената интегрална евалуација.

**ДИРЕКТОР**

**М.П.**

______________________________

**/ Милорад Јордановски /**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УЧИЛИШЕН ОДБОР**

______________________________

**/Горан Герасовски /**

**Куманово**
**Август 2020 година**